# ТЕСТ ЗА ДРОГА НА ВИСОКИ ЈАВНИ ФУНКЦИОНЕРИ ВО ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ

**-кратка информација-**

*Скопје, декември, 2022 година*

Во кратката информација опфатен е начинот на регулирање на задолжителноста за тестирање за дрога на високи јавни функционери во избрани земји. Податоците содржани во кратката информација се преземени од Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД), прашалник бр. 5125. Во кратката информација опфатени се 31 држава и Европскиот парламент: Албанија, Австрија, Белгија, Бугарија, Канада, Хрватска, Кипар, Естонија, Финска, Франција, Германија, Унгарија, Исланд, Ирска, Израел, Латвија, Литванија, Луксембург, Црна Гора, Северна Македонија, Норвешка, Полска, Португалија, Романија, Словачка, Словенија, Шпанија, Шведска, Швајцарија, Турција, Велика Британија.

Кратката информација е изработена по сопствена иницијатива согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.*

Од анализираните држави произлегува дека посебна регулатива за задолжително тестирање за дрога на носители на јавни функции не постои (со исклучок на Грузија), а во Словенија е поднесен предлог-закон кој предвидува задолжителни тестови за дрога, наменети за носители на јавни функции. Предлогот е поднесен од пратеничка група и со него се предвидува воведување на задолжителни тестови за дрога за високи јавни функционери: сите пратеници во Националното собрание, претседателот на Републиката, премиерот, министрите и државните секретари (односно највисоките функционери во министерствата). Тестовите ќе се спроведувале од страна на Институтот за судска медицина на Медицинскиот факултет, во присуство на четиричлена комисија. Комисијата ќе биде составена од претставник на Институтот, претставник на органот од каде доаѓа високиот функционер, понатаму, претставник на Здружението на новинари на Словенија и претставник на Здружението на новинари и публицисти. Секој висок јавен функционер е предвидено да се подложи на тест за дрога еднаш во секоја календарска година од неговиот/нејзиниот мандат. Во секоја календарска година, тестовите ќе се вршат во осум интервали, за секој интервал ќе се влече ждрепка кој јавен функционер ќе биде обврзан да се подложи на тестирање за дрога. Доколку тестот биде позитивен, јавниот функционер ќе треба да ги надомести направените трошоци за тестирањето сам. Се предвидува резултатите од тестирањето да бидат објавени на веб-страна, на институција која би била надлежна за спроведување и информирање за овој процес.

Во некои држави само за одредени професии (на пример, професионални возачи, контролори на летање) и вработени во јавниот сектор (на пример, припадници на вооружените сили, полиција) може да се врши тестирање на дрога според општите прописи. Во Ирска во 2009 година во јавната администрација била воведена ревидирана политика за спречување

злоупотреба на алкохол и дрога. Во Изборниот законик на Грузија се предвидува политичките партии да поднесат листа на кандидати до претседателот на Централната изборна комисија (ЦИК), најдоцна триесет дена пред денот на изборите. Списокот на кандидати, покрај личните податоци на кандидатот и другите придружни документи, мора да биде доставен и со резултати од тестирање на дрога на кандидатот. Тестот за дрога не е класифициран документ и се објавува на официјалната веб-страница на ЦИК на Грузија. Без да го помине тестот, кандидатот не може да биде вклучен во (одобрената) листа на кандидати за избор во Парламентот на Грузија. Списокот на одобрени институции надлежни за тестирање на дрога го утврдува Изборната комисија најдоцна 57 дена пред денот на изборите.

Изработила: Александра Стојановска Бизевска

Одобрила и согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

______________________

м-р Златко Атанасов


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384